

# КАРПОШ

## неделен
## Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ 3- 14 окт 2025 Билтен бр. 608**

# КАРПОШ СО НАЈВИСОК ПРОЦЕНТ НА ОТВОРЕНИ ПОДАТОЦИ ВО СКОПЈЕ

**Општина Карпош има најдобри резултати од сите локални самоуправи во главниот град според Индексот на отвореност. Мерењето за 2025 година го спроведе фондацијата за интернет и општество „Метаморфозис“ преку програмата Цивика мобилитас, во партнерство со Рурална коалиција, со поддршка од Владата на Швајцарија.  Отворените податоци се клучни за доброто управување на локално ниво, бидејќи овозможуваат транспарентност, отчетност и вклученост на граѓаните. Преку слободен пристап до квалитетни отворени податоци, јавноста добива појасен преглед во работата на локалните власти и одлуките што се донесуваат во нивно име.**

**Во оваа област најдобри резултати имаат Демир Хисар (38%) и Карпош (37%), додека најниско рангирани се Демир Капија, Лозово и Сопиште (4%). Преку хоризонталната област отворени податоци, Индексот ги анализира практиките на Единиците на локалната самоуправа (ЕЛС), за отвореноста на податоците што ги објавуваат, односно навиките на ЕЛС за објавување информации во отворен формат што се лесно обработливи од техничка гледна точка. Исто така Карпош е најпристапна општина во скопскиот регион. Пристапноста претставува клучен столб на доброто управување, овозможувајќи креирање на транспарентни, инклузивни и отчетни локални политики.**

**Од особена важност е интеракцијата со граѓаните, односно можностите за двонасочна комуникација меѓу ЕЛС и граѓаните преку наменски алатки и социјални медиуми, како и  пристапноста на градоначалниците/чките и општинските органи. Исто така се вреднува пристапот до информации и услуги каде што спаѓаат слободниот пристап до информации од јавен карактер, пристапноста на услугите и информирањето на граѓаните за работата на ЕЛС.**

# ДЕМАНТ

**Општина Карпош ги демантира лагите кои се дел од црната кампања во изборната трка за градоначалник во општина Карпош.**
**Ги замолуваме кандидатите за градоначалници, кои го потпишаа Кодексот за фер и демократски избори, а со тоа се обврзаа на „фер и демократска битка“, во текот на кампањата да не се служат со небулози и невистини, туку на граѓаните да им ги презентираат своите идеи и идни проекти.**
**Една таква лага е пласирана преку партиски мегафони дека лифтовите во новата општинска зграда во општина Карпош чинат 600.000 евра. Да тврдиш дека два лифта во зграда од четири ката чинат толку пари е потценување на интелигенцијата на гласачкото тело во Карпош.**

**Во договорот јасно стои „Изведба на завршни занаетчиски работи и поставување на лифтови во административен објект на локална самоуправа општина Карпош“. Изведувањето на двата лифта во новата зграда е само еден дел од договорот и чини точно 4 милиони денари, вклучувајќи го нивното комплетно инсталирање (челична конструкција, арматури, електроники и се останато). Во останатите ставки од договорот влегуваат: алуминиумска столарија, топловодни приклучоци, молерофарбарски работи, цевководи, водоотпорни гипс картони, прерградни ѕидови, мермери, стаклени огради и тн…По**

# ООУ„ЛАЗО ТРПОВСКИ“ ЕСЕНСКИ ПРВАЦИ ВО ФУДБАЛ

**Заврши есенскиот дел во фудбалската лига на Општина Карпош. Во конкуренција од 10 основни училишта, новите есенски шампиони се момчињата од ООУ. „Лазо Трповски“ под менторство на нивниот наставник Митре Шепендиев.**



## ЗАВРШИ ЕСЕНСКИОТ ДЕЛ ВО ФУДБАЛСКАТА ЛИГА НА ОПШТИНА КАРПОШ. ВО КОНКУРЕНЦИЈА ОД 10 ОСНОВНИ УЧИЛИШТА, НОВИТЕ ЕСЕНСКИ ШАМПИОНИ СЕ МОМЧИЊАТА ОД ООУ. „ЛАЗО

**Во тек е акцијата за есенска дератизација која се спроведува секоја година на територијата на општина Карпош, за која се очекува да трае речиси до крајот на оваа календарска година. Инаку, оваа иницијатива се реализира со цел уништување на штетните глодари и инсекти, но и како превенција од заразни болести. Во таа насока, со дератизацијата ќе бидат опфатени околу 5.000 шахти, откако локалната самоуправа претходно спроведе дезинфекција, дезинсекција и дератизација на сите основни училишта и детски градинки на своето подрачје.**



# ДАРУВАЊЕТО КРВ ЗНАЧИ ЖИВОТ – КРВОДАРИТЕЛСКА АКЦИЈА ВО КАРПОШ

**По повод Денови на Општина Карпош, денеска, во соработка со Државниот завод за трансфузиологија и Црвениот крст-Општинска организација Карпош, се одвива голема крводарителска акција во новата општинска зграда во Карпош 3. Локалната самоуправа, во организација на Секторот за локален економски развој, традиционално ја спроведува оваа хумана акција која ќе трае до 17 часот попладне. Досега, до 12 часот беа регистрирани 43-ца дарители на крв, меѓу кои и вработените лица од општинската администрација на Карпош, како и повеќе искусни дарители на најдрагоцената течност, кои дарувале крв, повеќе од 100 пати. Градоначалникот Стевчо Јакимовски, кој повеќе од 15 пати ја покажал својата хуманост на дело, апелираше до сите здравствено добри граѓани, да даруваат крв, бидејќи оваа хумана течност значи живот.**

**-Ова е 45-та по ред крводарителска акција која два пати годишно традиционално ја организира Општина Карпош. Во изминатите два часа имаме веќе околу 43 крвни единици, донирано за граѓаните на коишто им е потребна оваа течност. Ние го имаме соборено рекордот во Македонија , тоа значи дека за еден ден се собраа 630 единици. – истакна првиот човек на Општината. Статистиките велат дека Општина Карпош се уште го држи рекордот во најголем број собрани крвни единици, меѓу сите општини во државата. Во таа насока, Јакимовски уште еднаш ги повика сите граѓани кои се во добра здравствена состојба и се подготвени да ја покажат својата хуманост, да учествуваат и во денешната крводарителна акција. На оваа хумана акција се придружија 94 дарители, кои бесценетата течност ја донираа во текот на денот.Тоциновски и додели благодарница на Општина Карпош, за традиционалната поддршка на оваа манифестација.**



## СОВЕТОТ ГО УСВОИ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ТРЕТИОТ КВАРТАЛ

**Во просториите на административната зграда на Општина Карпош, се одржа 75-тата седница на Советот, каде се разгледуваа две точки од денешниот дневен ред. Во рамки на седницата беше изгласана точката за која беше детално образложен Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на локалната самоуправа за третиот квартал за 2025 година. Во овој финансиски извештај се прикажани вкупните приходи на Општината кои се планирани во Буџетот за 2025 година во износ од 1.853.654.953 денари, при што реализираните приходи за третиот квартал изнесуваат 1.105.614.741 денари. Притоа, во општинскиот Буџет се планирани приходите во висина од 1.059.141.953 денари, додека пак е остварена реализација на приходите за третиот квартал во износ од 558.144.465 денари.**

**Поддршка доби и Извештајот за работата на Советот на Општина Карпош за период 2021-2025 година. Според Извештајот, во четиригодишниот мандат Советот заседавал 73 пати, биле издадени 63 службени гласници и биле усвоени вкупно 1332 акти.**

